# О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

9 Февруари 2024 година | Гевгелија | Број 3 | Година XXXXIII

***Содржина***

страна

**26.** Решение за разрешување од должност директор на Јавна општинска установа Пионерски дом ″Јосип Броз Тито″ Гевгелија ------------------------------------------------------------- 3

**27**. Решение за именување Вршител на должноста директор на Јавната Општинска Установа Пионерски дом ″Јосип Броз Тито″- Гевгелија ----------------------------------------------------------- 3

**28**. Решение за поништување на Решението за именување Вршител на должноста директор на Јавната Општинска Установа Пионерски дом ″Јосип Броз Тито″-------------------------------- 4

**2**9. Решение за именување Вршител на должноста директор на Јавната Општинска Установа Пионерски дом ″Јосип Броз Тито″- Гевгелија ----------------------------------------------------------- 4

**30**. Одлука за неизбор на директор на Јавна општинска установа Пионерски дом ″Јосип Броз Тито″ Гевгелија------------------------------------------------------------- 5

**31.** Одлука за раскинување на Договор за доделување стипендија на студенти запишани на Медицинските факултети-отсек општа медицина, жители на општина Гевгелија, за студиска 2019/20 г. ---------------------------------------------------- 5

**32**. Одлука за привремен прекин на исплата на стипендија на студенти запишани на Медицинските факултети-отсек општа медицина, жители на општина Гевгелија, за студиска 2019/2020 година -------------------------------------------------------------------- 6

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 30 и член 38 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/2015, 154/15, 39/16 и 11/18) и член 9 од Статутот на ЈОУ Пионерски дом ″Јосип Броз Тито″ Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

За разрешување од должност директор на Јавна општинска установа
Пионерски дом ″Јосип Броз Тито″ Гевгелија

1. Се разрешува Ѓорги Милков од Гевгелија, дипломиран економист, од должноста директор на Јавна општинска установа Пионерски дом „Јосип Броз Тито“-Гевгелија, поради истек на мандат.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-2035/1
20.12.2023 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија

**Андон Сарамандов, с.р.**

-----------------------------------------------

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 34 и член 38 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/2015, 154/15, 39/16 и 11/18) и член 12 од Статутот на ЈОУ Пионерски дом ″Јосип Броз Тито″ Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**РЕШЕНИЕ**

за именување Вршител на должноста директор на Јавната Општинска Установа Пионерски дом
″Јосип Броз Тито″- Гевгелија

1. За вршител на должноста директор на Јавната Општинска Установа Пионерски дом ″Јосип Броз Тито″-Гевгелија, до избор на нов директор по пат на јавен оглас, но не подолго од 6 месеци од денот на именувањето, се именува:

- Ацо Муров, со завршено средно образование-металска струка, вработен во Јавната Општинска Установа Пионерски дом ″Јосип Броз Тито″- Гевгелија.

2. Вршителот на должноста директор ќе ги води работите на домот и ќе ги превземе потребните активности и мерки за усогласување на работењето и актите на домот со Законот за култура и другите законски прописи.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08- 2036/1
20.12.2023год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов, с.р.**

------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 год.) и член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За поништување на Решението за именување Вршител на должноста директор на Јавната Општинска Установа Пионерски дом ″Јосип Броз Тито″- Гевгелија**

1. Се поништува Решението за именување Вршител на должноста директор на Јавната Општинска Установа Пионерски дом ″Јосип Броз Тито″- Гевгелија, бр. 08-2036/1 од 20.12.2023 година.
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08- 2036/3
25.12.2023год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов, с.р.**

**-------------------------------------------------**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 34 и член 38 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/2015, 154/15, 39/16 и 11/18) и член 12 од Статутот на ЈОУ Пионерски дом ″Јосип Броз Тито″ Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за именување Вршител на должноста директор на Јавната Општинска Установа Пионерски дом ″Јосип Броз Тито″- Гевгелија**

1. За вршител на должноста директор на Јавната Општинска Установа Пионерски дом ″Јосип Броз Тито″-Гевгелија, до избор на нов директор по пат на јавен оглас, но не подолго од 6 месеци од денот на именувањето, се именува:

- Ангела Попов, со завршено средно стручно образование- угостителски техничар, вработен во Јавната Општинска Установа Пионерски дом ″Јосип Броз Тито″- Гевгелија.

2. Вршителот на должноста директор ќе ги води работите на домот и ќе ги превземе потребните активности и мерки за усогласување на работењето и актите на домот со Законот за култура и другите законски прописи.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08- 2061/1
25.12.2023год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов, с.р.**

**--------------------------------------------**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 год.) и член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе

**О Д Л У К А**
**за неизбор на директор на Јавна општинска установа**
**Пионерски дом ″Јосип Броз Тито″ Гевгелија**

**1.** За директор на Јавна општинска установа Пионерски дом ″Јосип Броз Тито″ Гевгелија, по јавен оглас бр. 08-1925/1 од 1.12.2023 година, објавен во дневните весници „Вечер, „Слободен печат“ и „Коха“ на 5.12.2023 година, НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР.

**2.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

О б р а з л о ж е н и е

Градоначалникот на општина Гевгелија, согласно законските прописи, објави Јавен оглас за избор на директор на Јавна општинска установа Пионерски дом ″Јосип Броз Тито″ Гевгелија, бр. 08-1925/1 од 1.12.2023 година, кој на 5.12.2023 година беше објавен во дневните весници „Вечер, „Слободен печат“ и „Коха“.
Комисија за разгледување на документи и изготвување предлог за избор на директор на ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“ – Гевгелија, формирана од Градоначалникот со Решение бр. бр. 08-2062/1 од 25.12.2023 година, ги разгледа пристигнатите пријави и изготви записник од административна селекција на веродостојност на доставените податоци и доказите. Во записникот е констатирано дека се пријавени четири кандидати, но ниеден од пријавените кандидати не ги исполнува условите предвидени во јавниот оглас, односно ниеден кандидат не е уреден и не може да премине во втора фаза од селекција. Од тие причини Комисијата достави предлог за неизбор на директор на Јавна општинска установа Пионерски дом ″Јосип Броз Тито″ Гевгелија.
Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение кандидатите можат да изјават жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена од денот на добивање на ова решение.

Бр.03-1925/8 Градоначалник
28.12.2023 год. на општина Гевгелија
Гевгелија **Андон Сарамандов, с.р.**

---------------------------------------------

Врз основа на член 50 (став 1) точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), член 62 (став 1) алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 5/21) и член 4, 5 и 6 од Договор за доделување стипендија бр.08-2029/3 од 31.12.2019, градоначалникот на општина Гевгелија, ден 06.02.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за раскинување на Договор за доделување стипендија на студенти запишани на Медицинските факултети-отсек општа медицина, жители на општина Гевгелија, за студиска 2019/20 г.**

1. **Се раскинува Договорот број 08-2029/3 од 31.12.2019 година помеѓу Општина Гевгелија и Љубица Калинова,** студент на Факултетот за Медицински науки-Штип, корисник на општинска стипендија за студиска 2019/20 година, поради нередовно запишување на семестар.

2. Примателот на стипендија е должен да ги врати сите дотогашни примени стипендии од општина Гевгелија и тоа од моментот на примање на првата стипендија до последната примена стипендија во износ од 114.000 денари. Средствата се враќаат на Буџетот на општина Гевгелија во рок од 60 дена од денот на раскинувањето на Договорот.

3. Ова Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Гевгелија".

***Образложение***

На ден 31.12.2019 година помеѓу Општина Гевгелија и Љубица Калинова, корисник на стипендија е склучен Договор бр.08-2029/3 за користење стипендија на студенти од општина Гевгелија за студиска 2019/2020. На ден 15.11.2023 година Љубица Калинова, корисник на стипендија достави потврда од Факултетот за медицински науки „Гоце Делчев"-Штип, бр.1005-6/3555 дека запишува петти сместар втор пат за учебна 2023/2024 година, односно запишува трета студиска година втор пат, што е во спротивност со обврските на примател на стипендија од Договорот за доделување стипендија. Согласно горенаведенто, градоначалникот донесе Одлука како во диспозитивот.

Бр.03-220 /1
06.02.2024
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-------------------------------------------------

Врз основа на член 50 (став 1) точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 62 (став 1) алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 5/21) и член 5а од Правилникот за доделување стипендии на студенти, жители на општина Гевгелија, бр. 09-2194/2 од 21.11.2022 година, („Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 13/22), Анекс договор бр.03-214/1 Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 02.02.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за привремен прекин на исплата на стипендија на студенти запишани на Медицинските факултети-отсек општа медицина, жители на општина Гевгелија, за студиска 2019/2020 година**

4. На:

**Елена Василева** од Гевгелија, студент на Медицински факултет, насока општа медицина при Универзитет „Св.Кирил И Методиј"- Скопје, корисник на општинска стипендија за студиска 2019/20, привремено и се прекинува исплата на стипендии од месец септември 2023 година до месец јуни 2024 година, поради здравствени причини.

5. Елена Василева се обврзува да донесе потврда за запишан редовен семестар најдоцна до 30.10.2024 година, во спротивно ќе се реализираат одредбите од член 6 од договорот за стипендирање.

6. Ова Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Гевгелија".

***Образложение***

На ден 02.12.2019 година помеѓу Општина Гевгелија и Елена Василева, корисник на стипендија е склучен Договор бр.08-2017/3 за користење стипендија на студенти од општина Гевгелија за студиска 2019/2020. На ден 25.01.2024 година Елена Василева, корисник на стипендија достави медицинска белешка за привремен прекин на студиите од здравствени причини. Согласно Анекс договор бр.03-214/1 од 02.02.2024 година, склучен помеѓу Општина Гевгелија и корисникот на стипендија, општинската админстрација ја достави приложената документација до градоначалникот на разгледување, при што градоначалникот донесе Одлука како во диспозитивот.

Градоначалник
на Општина Гевгелија

***Андон Сарамандов***

Бр.03-215/1
02.02.2024
Гевгелија

***СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА“, Излегува по потреба***
***Уредува и издава: Општина Гевгелија-Одделение за правни работи.***
***Ул. „Димитар Влахов“ бр. 4 Гевгелија***